328.

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

**SLUŽBA DOKUMENTACIJE**
**CLIPPING SERVICE**

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
27. X. 1965

ПО САНИРАЊЕТО НА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА

# ПОГОЛЕМИ МОЖНОСТИ ЗА ИЗЛОЖБИ

*Во тек е санирањето на Даутпашиниот амам во кој е сместена Уметничката галерија на Скопје. Оваа средновековна градба му отстоја на подземниот удар во јули 1963 година, но сепак остана оштетена толку колку што е потребно да се преземе санирање. Санирањето почна во август и се очекува наскоро да биде завршено. Оваа акција на санирање досега не беше почната поради тоа што во неколку нејзини сали беше сместен голем дел од книжниот фонд на Народната библиотека.*

*Санирањето на зградата овозможи и мали измени во внатрешното уредување: се поставуваат нови платна, дворедно неонско осветлување во изложбените салони. Се предвидува и монтирање на мали електрични светилки над секој изложбен експонат.*

*— Вака уредени просториите со осветлувањето ќе ни овозможи изложбите да ги отвориме и подоцна навечер, — вели директорот на галеријата Никола Мартиноски. Досега, практично тоа ни беше не можно: во салите имавме мал број неонски светилки.*

*Нé интересираше: колку и како ќе се користат просториите на Уметничката галерија за изложби.*

*Никола Мартиноски вели: Една сала ќе издаваме за индивидуални излагачи. Која ќе биде таа сала, не е фиксирано. Изборот на салата ќе зависи од бројот на експонатите што уметникот ќе ги прикаже. Ќе поканувавме уметници од земјата што сметаме дека треба да ѝ ги прикажеме на нашата ликовна публика. Сала ќе им издаваме и на уметниците кои ќе претендираат да излагаат во овие простории. Тие би плаќале минимална времена откупнина на салата.*

*Колку е тоа — минимално?*

*— Па, обично дневно се плаќа по 10.000 динари за една изложбена сала. Ние за користената сала би земале по две до три илјади динари. Тоа е тој минимум за откупена изложбена сала.*

**О. Сп.**